ЗДРУЖЕНИЕ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ,
БИТОЛА, ДЕМИР ХИСАР И РЕСЕН

# МОБИЛНОСТ БИТОЛА

1987–2017

30 ГОДИНИ



БИТОЛА • ДЕМИР ХИСАР • РЕСЕН

МОБИЛНОСТ БИТОЛА
ЗДРУЖЕНИЕ НА ЛИЦА
СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ

НАЦИОНАЛЕН СОЈУЗ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА
МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

www.mobilnostbitola.org.mk

# >> содржина


- Членови на управен и надзорен одбор
- Историјат
- Соработка со други организации
- Откривање и евидентирање на нови членови
- Помагала
- Одмор и опоравување
- Архитектонски бариери
- Спорт и рекреација
- Културно рекреативна програма
- Разни активности
- Дефиле на Широк Сокак





МАЛ БИТОЛСКИ МОНМАРТР - БИТОЛА 1981 THE SMALL MONTMARTRE OF BITOLA

КИРО ДАНДАРО


МОБИЛНОСТ БИТОЛА 1987 - 2017;
Уредник: Прим. Д-р Нико Јанков; Идејно решение: Горан Талевски
Печати: Киро Дандаро - Битола

# >>членови науправен инадзорен одбор

## СОТИР ЈОНОВСКИ

Член на УО на МОБИЛНОСТ БИТОЛА од Битола. Членува од 1995 година, активен учесник во сите настани, особено во музичко рекреативната сфера. Одговорен е за КУД Феникс при МОБИЛНОСТ БИТОЛА.

## ЛИДИЈА ВЕЉАНОВСКА

Член на МОБИЛНОСТ БИТОЛА од Битола од 2012 година. За член на УО е избрана во 2015 година. Има завршено ССС гимазија. Учесничка е во сите активности на здружението, особено во работилници и проекти (спортски, тортијада и сл.)

## МИТКО ФИДАНОВСКИ

дипломиран правник. Секретар на МОБИЛНОСТ БИТОЛА од Битола. Членува од 1988 година. Активен учесник и иницијатор во сите активности, експерт во проекти. Претседател на Надзорниот Одбор на МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА. Уредник и активен дописник во списанието на МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА, МОБИЛНОСТ

## РОБЕРТ ЛАМАНОВСКИ

Завршил гимназија во Ресен. Член на МОБИЛНОСТ БИТОЛА од 2012 година , а член на Собрание и надзорен одбор од 2015 година а член на Управен одбор од 2017 година.













## ПРИМ.Д-Р НИКО ЈАНКОВ

Доктор специјалист ортопед, Претседател на МОБИЛНОСТ БИТОЛА од Битола. Основач на Здружението и вонреден член од 1987 година. Иницијатор и извршител на сите досегашни активности. Активен учесник и експерт во досегашните проекти. Член на УО на МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА, на Националното Координативно Тело за еднакви можности на лицата со инвалидност при Владата на Република Македонија, уредник и активен дописник на списанието на МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА, МОБИЛНОСТ.

## ОЛГА НИКОЛОВСКА

Член на МОБИЛНОСТ БИТОЛА од Демир Хисар од 1998 година. За член на УО ,избрана во 2015 година. Има завршено ССС гимназија. Учесник е во сите активности кои ги презема здружението.

## ФАНЧЕ ГЕОРГИЕВСКА

Дипломиран економист, член на УО на МОБИЛНОСТ БИТОЛА од Битола. Активен член од 1990 година. Учесник и иницијатор на сите активности и проекти.

## ДИМЧЕ ХРИСТОВ

Графички инженер, членува од 1992 година како вонреден член. Претседател на Надзорниот Одбор на МОБИЛНОСТ БИТОЛА. Активен учесник во сите настани и проекти.

## ВАСКО СТЕФАНОВСКИ

графичар. Член на УО на МОБИЛНОСТ БИТОЛА од Битола. Член од 1988 година. Активен учесник во сите активности, особено во спортските. Претседател е на Сојузот за спорт и рекреација на инвалиди од Битола.

## СНЕЖАНА ЈАНЕВА

Дипломиран економист. Член на МОБИЛНОСТ БИТОЛА од 1996 година. Член е на Собрание од 2015 година а на надзорен одбор од 2017 година. Активен учесник во сите активности а особено во спортските активности.

## ДИВНА ОГНЕНОВСКА

Медицинска сестра. Член на МОБИЛНОСТ БИТОЛА од 1998 година од Демир Хисар. Активен учесник во сите досегашни активности. Член на Собрание и Надзорен одбор од 1999 година

# >> поранешни членови на управен и надзорен одбор



БЛАГОЈ ТОШЕВ
INMEMORIAM



НАДА ТАНОВСКА
INMEMORIAM



ТОМЧЕ НАЈДОВСКИ
INMEMORIAM



КИРЕ АНГЕЛКОВСКИ



КИРЕ ОГНЕНОВСКИ



БОРИС СТОЈКОВСКИ



ИЛЧЕДИМОВСКИ



КОЧО НАСТЕВСКИ



ТРЕНДАФИЛЈОВАНОВСКИ

КАНЦЕЛАРИЈА БИТОЛА



КАНЦЕЛАРИЈА РЕСЕН



КАНЦЕЛАРИЈАДЕМИРХИСАР





















# >>историјат

На 10.12.1987 година, по свиканата иницијатива на Организацијата на социјално - хуманитарните организации (СХО) , а во присуство на 20 делегати од кои најголемиот број беа од Центарот за социјални работи, органите на СХО, претседателот и секретарот на тогашниот Сојуз на здруженијата на телесни инвалиди на Македонија и неколку ентузијасти, се формира ЗТИЛ – Здружение на телесни инвалиди на Битола. Првите неколку месеци беа исполнети со барање на патишта за активирање на новото Здружение. Во тоа најголемо учество имаше нејзиниот претседател.

До средината на 1988 година, веќе се регистрирани првите членови меѓу кои Митко, Васко, Живко, Марко, Благоја и неколку други. До крајот на 1988 г. се конституираа и органите, и беше свикано собрание. Со изминувањето на годините се зголемуваше и бројот на членови, а со тоа и кадровскиот потенцијал. Треба да се напомене дека освен редовни, уште во тој период беа доста активни и вонредни членови.

Во 1992 година, на сеопшта иницијатива е формирано КУД „Феникс“, кое својата активност, покрај во рамките на Здружението, ја пласираше и во рамките на Сојузот. Од триото „Т“ (Томче, Томе, Трендафил) се прошири со нови членови, Фанче, Диме, Соте, Николчо итн. Во 1997 г. на редовното Собрание беше донесена одлука за проширување на дејствувањето на Здружението во поширок регион, односно беа опфатени и Преспанскиот и Демир – Хисарскиот, а од 1998 г. Здружението се преименува во МЗТИЛ – Меѓуопштинско здружение на телесно-инвалидизираните лица на општините Битола, Демир Хисар и Ресен. Со проширувањето на активноста во 1998 година, беше одржана и првата „Средба на тема“ – Психолошки проблеми кај телесната инвалиност, со што започна нов начин на комуникација. Од тие години се нижеа и успеси на сите полиња, посебно на спортските терени. Овој тренд на активности, со самото зголемување на членството, кое сега брои околу 1100 членови, се одеше со исто темпо во остварување на програмските и статутарни цели на Здружението и Сојузот.





МЕЃУОПШТИНСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА ТЕЛЕСНО ИНВАЛИДИЗИРАНИТЕ ЛИЦА
НА ОПШТИНИТЕ
БИТОЛА, ДЕМИР ХИСАР И РЕСЕН




БИТОЛА • ДЕМИР ХИСАР • РЕСЕН
МОБИЛНОСТ БИТОЛА
ЗДРУЖЕНИЕ НА ЛИЦА
СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ




Од 2000 година до денес, секоја година, Здружението организира тематска работилница на која како медијатори учествуваат еминентни претставници од Универзитетот во Битола и пошироко. Во последните неколку години засилена е и работата на проекти, а особено во 2010 година кога со помош на Европската Унија е реализиран голем проект на целата територија на Република Македонија за Ратификација и имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со инвалидност.

Во 2011 година по препорака на Сојузот, сите Здруженија во Македонија го добија предзнакот МОБИЛНОСТ (како најголем предизвик на сите телесно инвалидизирани лица е да се зголеми подвижноста). Заради истото Здружението е преименувано во Здружение на лица со телесен инвалидитет на Битола, Демир Хисар и Ресен - МОБИЛНОСТ БИТОЛА. Здружението е етаблирано во правниот и меѓународниот промет како правно лице со Собрание, управен одбор, претседател и други тела. Седиштето е во Битола а свои канцеларии има во Демир Хисар и Ресен.

Во прилог дел од поважните активности во изминатите 30 години.

10.12.1987 година по иницијатива на ОрганизацијатанаСХО во присуство на 20 делегати

## 1987

Основачко собрание на ЗДРУЖЕНИЕ НА ТЕЛЕСНО ИНВАЛИДИЗИРАНИТЕЛИЦАНА ОПШТИНА БИТОЛА





## 1988

- Конституирање на Здружението
- 30 членови

До средината на 1988 годинарегистриранисе ипрвитечленовимеѓу кои и Митко, Васко, Живко,Марко,Благојаи др.Докрајотнагодината се конституирани и органите и е свикано собрание

Учество во разни активности на сите редовни но и на вонредни членови

## 1989

- Први активности
- 80 членови





## 1990

- Година на истакнување
- 120 членови

Пронаоѓање и активирање на нови членови.

Оформување на спортска екипа и негување на традицијатанаседечка одбојка. како а на сеопшта иницијатива е формирано и КУД Феникс

## 1991

- Спортување
- Иницијатива и формирање на КУД ФЕНИКС
- 150 членови





## 1992

- Први изведби на КУД Феникс
- 180 членови

Први кои активно се вклучија во КУД ФГЕНИКСбешатриото Т ( Томче, Томе и Трендафил)

## 1993

- Нагорна линија
- 210 членови

Активирање на нови членови во повеќе области.



## 1994



- Продолжување на успешната работа
- 240 членови

Новорегистрирани 30 членови и нивно активирање.

## 1995

Проширување на активностите во соседнитерегиони во ПреспаидемирХисар.

- Проширување
- 263 членови



## 1996



- Организирање на Квиз
- 280 членови

Организирање на локаленквизиучество во републички квиз.

## 1997

На редовно Собрание бешедонесенаодлука за проширување во ШреспанскиотиДемир Хисарскиот регион

- Јубилеј 10 години
- Одлука за проширување
- 300 членови



## 1998

МЕЃУОПШТИНСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА ТЕЛЕСНО ИНВАЛИДИЗИРАНИТЕ ЛИЦА НА ОПШТИНИТЕ БИТОЛА, ДЕМИР ХИСАР И РЕСЕН

- Преименување во МЗТИЛ
- 312 членови

Преименување во Меѓуопштинско Здружениенателесно -инвалидизиранилица на општините Битола, Демир Хисар и Ресен

## 1998

Како нов начин на комуникација помеѓу членовите беше организиранаипрвата средба на тема. Тренд којсезадржадоденес.

- „Средба на тема“ – Психолошки проблеми кај телесната инвалиност, со ДоцентД-рСашоКочанковски



## 1999



- Резултати
- 320 членови

Врвни резултати во спортскитеактивности како и во други сфери на дејствување.

## 2000

Спортски успеси и учества на тематски работилници.

- Нови успеси
- 330 членови



## 2001



- Европски
- 402 членови

Учество на наши членови во Европски спортски првенства.

## 2002

Средби на тема потпомогнати од ортопедските куќи Славеј и Медикус

- Јубилеј 15 годнни
- Средби на тема - Ортопедските помагалаителеснатаинвалидност



## 2003



- Проект за изградба на рампи
- 523 членови

Совладување на архитектонските бариеривосоработка соТехничкиотфакултет - Битола.

Изнесување на секојдневните проблеми во животот и нивното надминување, односно реализирање на најдобар можен начин.

## 2004

- Среедби на тема - Социјалната положба на телесно инвалидизираните лица





## 2005

- Проект - Град без бариери

Соработка со локалната самоуправа и тематски работилници Вмрежување (Радовиш, Штип и Кочани)

Тематски средби и работилници со локалната самоуправа , како и проект за изведување на рампи во Ресен.

## 2006

- Пристапни рампи во Ресен
- 670 членови





## 2006

- Новитети и усовршување на ортопедските помагала - Трибина со Славеј
- Медицински помагала за лесен и безбеден живот - Трибина со Медикус

Средби на тема потпомогнати од ортопедските куќи Славеј и Медикус

Прослава на јубилејот од 20 години постоење и делување и продолжување на соработката со локалната самоуправа.

## 2007

- Јубилеј 20 години
- Средби на тема - Соработката на здруженијата со локалната самоуправа





## 2008

-Трибина за Конвенцијата на ОН за правата на лицата со телесен инвалидитет

Активности за запознавање со Конвенцијата на ОН за правата на лицата со телесен инвалидитет

Заедничка активност со други здруженија за образованието на лицата со телесен инвалидитет.

## 2009

- Средби на тема - Образованието и телесната инвалидност





## 2010

- Промоција на ратификацијата и имплементацијата на конвенцијата на ОН за правата на лицата со инвалидност

Добивање на грант од Европската Комисија од една година кој се реализираше на територијата на Р.Македонија.

Работилница и јубилеј на КУД Феникс.

## 2011

- Јубилеј 20 години КУД Феникс
- Работилница - Можности за вработување на лицата со телесен инвалидитет






## 2012

- Јубилеј 25 години
- Работилница - Да делуваме заедно во Сански мост
- Златен медал од Параолимпијадата во Лондон

Јубилеј и Олимписки трофеј, златен медал во стрелаштво на Оливера Накова Бикова од Параоимпијадата во Лондон

Меѓународна конференција во Битола за категоризација и учество на музички фестивал во Р.Бугарија.

## 2013

- УНИЦЕФ - Категоризација на младите лица со инвалидност
- Учество на музички фестивал во Поморје, Р.Бугарија





## 2013

- Семинари на ТАКСО
-Едукативни предавања - Мултипла склероза и церебрална парализа

Учество на наши членови во разни работилници активности

Работилница и манифестација во Ресен во соработка со локалнатасамоуправа.

## 2014

- И ние сме дел од вас - Ресен





## 2014

- Твининг проект за самовработување

Учество во ЛЕСС и проекти за самовработување поддржани од МТСП.

Проект на ЕУ во соработка со МОБИЛНОСТМакедонија и други организации

## 2014

- ЕУ - Мрежа на млади претприемачи





## 2015

- УСАИД - Економска и социјалнаинклузијаналицата со инвалидност

Работилница во соработка со УСАИД и сите здруженија од Р.Македонијасоучество на ракотворци.

Потпишанмеморандум за соработка со општинаРесениУНДП -Општокориснаработа

## 2015

- Потпишан меморандум за соработка со општина Ресен





## 2015

- Проект Општествено корисна работаналицатасоинвалидност

Продолжување на проектотОпштокорисна работавоорганизација на Општина Ресен.

Соработка со Музеј од Битола и музеите од Нови Књажевац и Сараево.

## 2016

- Меѓународен семинар за пристапност на културното наследство





## 2016

- Меѓународен семинар за пристапност на културното наследство

РаботилницаиДефиле на Широк Сокак за пристапност на културнотонаследство.

Учество на наша делегацијаворaботата на конференцијата.

## 2016

- Меѓународна конференција во СветиНиколе-Родоваеднаквости недискриминација





## 2017

- Маршот на животот - комеморативнаповорка во чест на жртвите на холокаустот

Соработка со организацијата МАШАВ од Израел и други хуманитарни организациивочестна жртвитеодхолокаустот на Битолските евреи

Обука на корисници и даватели на услуги за персоналнаасистенција во соработка на ЕУ и МСТП.

## 2017

- Обуки за персонална асистенција



БИТОЛА • ДЕМИР ХИСАР • РЕСЕН

МОБИЛНОСТ БИТОЛА

ЗДРУЖЕНИЕ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ

## 2017

- Јубилеј 30 години

- 1100 членови

Продолжување на богатата палета на активности,спортски, работилници, средби итн.











# >>соработката

како дел од програмските цели во нашето Здружение е добро развиен со една богата и разгранета активност која пред се ги опфаќа традиционалните „Средби на тема“, вмрежувањата, а во последно време и т.н. заеднички настапи.

Последните 10 години е интензивирана работата на овој тип на комуникации, а со заедничкиот настап се зголемува можноста практично во сите делови на нашата земја. Исто така, во последните 10 години е интензивирана комуникација и со други сродни и несродни организации од невладиниот сектор. Овој начин на остварување на комуникации е од заеднички и практичен интерес за сите заинтересирани страни проблемот да допре до одговорните фактори и се покажа реална можност за негова реализација. На овој начин се јавноста се запознава со постоењето и активноста на здруженијата на телесните инвалиди, со нивните проблеми и нивните нереализирани права во домени на живеењето. Покрај соработката со сродните организации во општините и во државата имаме соработка и на меѓународен план. Соработката со сродните организации е евидентна, особено со успешните настапи на трибини, саеми и други форми на организирани средби во земјата и странство.

Во последните неколку години нашето Здружение започна да воспоставува соработка со други слични здруженија од соседните држави а кои гравитираат во овој регион. Најпрво се воспостави соработка со Здружението на инвалидите од Корча – Република Албанија. При посетата на нивното здружение бевме срдечно пречекани и притоа се разменија искуства од работата на проекти сврзани со инвалидизираните лица и за достигањата во работата за подобра положба на овие лица. Со оглед на тоа што нашето Здружение имаше поголемо искуство во работата со телесните инвалиди беше договорено и тие да дојдат во посета на нашето Здружение и да присуствуваат во работата на некој проект или трибина од определена тематика.

Посетата беше возвратена и нивни членови присуствуваа во два наврати на средби кога се дискутираше на некои теми и во иднина се надеваме дека заеднички ќе работиме на проекти од регионално значење.

Соработка беше воспоставена и со Здружението на инвалидите од Костур – Република Грција каде наидовме на добар пречек и се запознавме со условите за работа на ова нивно здружение. Иако Република Грција е членка на ЕУ сепак нашите активности се побогати и посодржајни и при нивната возвратна посета кога имавме дискусија на одредена тема со Локалната самоуправа беше искажано задоволство од нашата активност и интерес за заеднички настап во регионот.

Во наредниот период останува оваа воспоставена соработка да ја збогатиме со нови содржини и заедно да се работи за подобрување на положбата на инвалидите.

ПРЕСПА
MEDICUS help
СЛАВЕЈ
НУ Завод и Музеј Битола
NI Institute and Museum Bitola
ХУМАНА ПРЕСПА
ASTERION




# >>откривањеиевидентирање на нови членови

Ова е најважната и прва задача во статутот и програмата на Здружението. Откривањето и евидентирањето на нови членови не подразбира само просто запишување на лица со потребната дијагноза, но и активно и организирано барање на нови членови на сите можни начини. Добредојдена е помошта од сите членови (редовни и вонредни) и други доброволци. Во изминатите 30 години се бараа и изнајдуваа најразлични начини на анимирање на членството. Сите регистрирани да пронајдуваат и привлечат нови членови кои ќе дојдат и ќе се активираат. Со успешната реализација на програмските и статутарните цели, се исполнија сите предуслови на организиран и успешен настап при наоѓањето и регистрирањето, а уште повеќе во активирањето на новите членови. Постоењето на канцеларијата, клупските простории и малата спортска сала се покажаа како императив во изминатите години, но и најголем предуслов за зголемување на така импресивната бројка од 1100 членови.

# >>помагала

Многу важен сегмент во целокупното живеење на телесните инвалиди. Нивното опстојување и целокупната активност е нераскинливо врзана со употреба на ортопедско помагало. Употребата е константна (понекогаш дено - ноќна). Во повеќето случаи ги задоволува критериумите, но во други случаи, бара измени и дополнувања, па дури и потполно нов концепт. Од ова произлегува дека при креирањето и експерименталната фаза на помагалото, мора да бидат консултирани и корисниците на тоа помагало. Корисниците, т.е. телесните инвалиди, мора да бидат активен субјект при поставување на нормативите (законски) и практични, односно производство и увоз.

Без сомнение, од овој аспект не би требало ниту еден закон кој ја засега оваа материја и под законски акт да биде даден во употреба без писмено мислење на корисниците. Од ова произлегува дека во почетната фаза на донесување на законската регулатива и во собраниската процедура, треба да се биде во постојан контакт со производителите и увозниците, но и дистрибутерите на ортопедските помагала за заеднички настап пред органите кои ја донесуваат законската регулатива. Значајно е овој тренд да се задржи и понатаму и да се продлабочи и извршува во континуитет и да се усовршува начинот на меѓусебна комуникација.












# >> одмор
# >>опоравување













И ова е еден од најважните сегменти во организирањето на телесните инвалиди. Искористената можност за организиран и дотиран одмор за една респективна бројка на нашите членови, во целосна организација на Сојузот, дава можност за отворање на нови перспективи (дружење, запознавање други членови, размена на мислења) во еден пријатен амбиент на Охридската ривиера и бањата „Банско“ во Струмица.

Апартманите на Охридскиот брег (Охридати) се во непосредна близина на плажите, кејот и центарот на градот. Оваа можност ја користат околу 50 наши членови годишно. Мал број користат банско лекување, а во наша организација, околу 20 членови годишно. Овој начин на одмор и балнео терапија, планираме да го негуваме и понатаму после покажаните позитивни ефекти.







# >> архитектонски бариери



Претставуваат еден од најголемите предизвици во живеењето на телесните инвалиди. Архитектонската препрека која не може или не е совладана. Претставува застој и издвојување од другите. Претставува нерамноправност и изолација од другите со неможноста за елементарна комуникација. Исто така, несовладаната препрека во лицето на архитектонската бариера е препрека за остварување и на сите животни потреби, а од тој аспект неопходна, ако не и витална потреба. Значи, рушењето на архитектонската бариера значи отворање врата кон остварување на сите потреби како за секој друг човек кој нема телесна инвалидност.

Рушењето на архитектонските бариери претставува процес кој мора да биде константен, упорен и осмислен. Само на тој начин ќе успееме да ја прилагодиме и одржуваме околината (живелиште, јавни простори, спортски објекти, соборени тротоари, обележани паркиралишта итн.) и да ја информираме јавноста и одговорните фактори за проблемите со кои се соочуваат телесните инвалиди. Модалитетите на информирањето се одвива преку пишаните и електронски медиуми кои треба да се одржуваат на што повисоко ниво. Барање на спонзори и партнери во проекти со локалната самоуправа е пат кој е зацртан во нашите активности и претставува приоритет од највисоко ниво. Нашето здружение има импресивен растеж на реализирани идеи и напредок во комуникацијата со надлежните во остварување на процесот на рушење на архитектонските бариери (рампи, тротоари, паркиралишта итн.)

















# >>СПОРТ
# >> РЕКРЕАЦИЈА

Спортот и рекреацијата во нашето Здружение има традиција од пред неговото формирање, кога јадрото на Македонската екипа во седечка одбојка беше составено од битолските учесници. Од првите фотографии на кои се гледаат Благојче, Митко, Марко, Кире и Васко до златниот период во стрелаштво на Митко и врвот со Оливера, а во другите спортови незаборавните Ваница, Благојче и Вергита на кои вечно ќе се сеќаваме а со нив и Васко, Оливера како и во последните години Наташа, Никола, Лидија, Снежана, Горан, Николче и Дарко.

КУД ФЕНИКС

# КУЛТУРНО - РЕКРЕАТИВНА ПРОГРАМА

ЛИТЕРАТУРНО ЧИТАЊЕ





ТВ ЕМИСИИ





ХУМАНИТАРНИ КОНЦЕРТИ







ПРЕДАВАЊА



ТЕАТАР



ПРОМОЦИЈА НА КНИГИ



**8ми МАРТ**








**КВИЗ**









**ТОРТИЛЈАДИ**

**ПОСЕТИ**





**НОВА ГОДИНА**







**ИЗЛЕТ**






**ЈАБОЛКОБЕР**










**ВАСИЛИЦА**







## >> разни активности и учества

# >>ракотворби

# ГАЛЕРИЈА




Круме Штаковски





Илче Димовски





Гордана Стојановска






Васко Стефановски




Живко Петроски




Мирко Костовски




Ирена Пешевска

# >>индивидуални изложби

# >> дефиле на широк сокак



НајспектакуларенностанвореализацијатанаедногодишниотпроектподдржанодЕУсе одржаво2010годинавоприсуствонаоколу600членовинаМобилностМакедонија,лица со телесен инвалидитет и други гости и граѓани.
ДефилетонаШирокСокакимадесетогодишнатрадицијаисекојагодинаподразличномото и тематски работилници.  Секоја година дефилето се одржува во месец Јуни.


ЕКОНОМСКА И СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА
USAID
YOUTH EMPLOYABILITY SKILLS NETWORK
- Саем на ракотворби
- Трибина: Закон


ТРИБИНА
ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА, РА


БИТОЛА, 14 ЈУНИ 2015
ДЕФИЛЕ
РАБОТИЛНИЦА
ЗАШТИТА НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ ВО ПРОЦЕСОТ НА РАБОТА
КОНВЕНЦИЈА НА ОН ЗА ПРАВАТА НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ


МОЖНОСТИТЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ
НА ЛИЦАТА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ
ВО ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА
ДЕЛЧЕВО 28.05.2011
хотел МАКЕДОНИЈА 11:00 часот


28 Јуни 2014 - плоштад МАГНОЛИЈА
почеток 10 часот
Дефиле на
Широк Сокак
И ние сме
дел од вас !
НАЈОСНОВНО ПРАВО НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДИТЕТ Е ПРАВОТО ДА ЖИВЕАТ ВО ОВОЈ СВЕТ
WWW.MOBILNOSTBITOLA.ORG.MK


МОБИЛНОСТ
БИТОЛА
1987-2012
25
23 Јуни 2012
MEDICUS


ОПШТО КОРИСНА РАБОТА
НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ
20.11.2016 / 10:00ч


НОВИТЕТИ И
УСОВРШУВАЊЕ НА
ОРТОПЕДСКИТЕ
ПОМАГАЛА
MEDICUS
17.6.2006 во 10ч.


РАТИФИКАЦИЈА И
РЕАЛИЗАЦИЈА НА
КОНВЕНЦИЈАТА ЗА
ПРАВАТА НА ЛИЦАТА
СО ИНВАЛИДНОСТ
21.06.2009 11ч.
ПЛОШТАД МАГНОЛИЈА


05/10/2013
Multiple
Sclerosis
МУЛТИДИСЦИПЛИНАРЕН ПРИСТАП
ТЕМАТСКА РАБОТИЛНИЦА
МОБИЛНОСТ Битола


МОБИЛНОСТ Битола
ЗДРУЖЕНИЕ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ
на Битола, Демир Хисар и Ресен
ОРГАНИЗИРА
КУД ФЕНИКС
25.06.2011
ЈУБИЛЕЈ
20
ГОДИНИ
МУЗИКАТА
ИНСПИРАЦИЈА
РЕКРЕАЦИЈА
КРЕАТИВНОСТ
НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ


29.06.2013 почеток 10 часот
ПЛОШТАД МАГНОЛИЈА
РАМНОПРАВНОСТ
MEDICUS
МОБИЛНОСТ Битола


Јубилеј 20 години


ЈУБИЛЕЈ
30
ГОДИНИ
МОБИЛНОСТ
МАКЕДОНИЈА
22ри ЛИТЕРАТУРНИ СРЕДБИ


Сабота 15.11.2004
во Хотел БИТОЛА


Едукативно
предавање
Церебрална Парализа
29.11.2013 13 ч. хотел КАПРИ, Битола


За рамнотежа
во светот


Пристапност кон културното
наследство
Дефиле 2016

ЗДРУЖЕНИЕ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ, БИТОЛА, ДЕМИР ХИСАР И РЕСЕН

# МОБИЛНОСТ БИТОЛА

1987–2017

30

ГОДИНИ